

Австриската библиотека од Битола во месецот на книгата заедно со НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола се приклучува на најголемиот литературен фестивал „Австрија чита“ со две работилници со ученици основци и средношколци оддржани на 29.10. и 30.10.2019 година во просториите на Библиотеката. Идејата за вакви средби со ученици е да се запознаат со начинот како да пребаруваат во Австриската библиотека, да изнајмат книга и да читаат од богатиот фонд на германскојазичната литература. На 37 учениците од основните училишта „Тодор Ангелевски“ и „Гоце Делчев“ предводени од нивните наставнички по германски јазик Елена Поповска и м-р Симона Монавчева им беше претставена австриската писателка Мира Лобе, автор со книжевен опус на повеќе од 100 книги преведени на околу 10 јазици.

За време на презентацијата на оваа значајна авторка од страна на раководителката на Австриската библиотека од Битола д-р Валентина Илиева беа и изложени голем број на книги Мира Лобе. Учениците учествуваа во работилницата со книжната трка низ делата на Лобе во форма на работен лист со пет задачи (издание, главен лик и сл.) откривајќи информации за истата, а при тоа држејќи книги од Лобе на германски јазик в рака. Учениците со радост ја завршија нивната задача и како награда добија бук маркер и шарено моливче спомен за оваа прекрасна средба. На следниот линк следат повеќе фотографии https://www.facebook.com/pg/nuub.mk/photos/?tab=album&album_id=1015789
8119743679&__xts__%5B0%5D=68.ARA4AUdepvpNYMASQFs6j5cyk7BVeZk8RGdbYoV683
YH7VqCa7xdZEhrK3ku2A-A2LYOlR9h_EW2CRoFK5BV2RlWVfdrt8uneEKdtGhhLtJFuMzuMj
86do7k8swHWr-4HfYbT8isp3YX3R3oiLjDEokxd4QcYdrWP_bj6E_KLnWSl47zF5WsZTY4w_Y
JzFxtGgmTCtfrRPNfXKxDOELJuXnaZyrJ-xqV4b7S5eQ-BlKZnfkBoT9gFqdSr75z4fc94Wya0Ij6
z8wTd-IgxPJcxgL76485C4IEbl994Yr6h4OFAt7UcZsla0OMLUbU-BsYvLnE17dXGJW0S62bmI
OLwdq3aNEWBZ7YqHDcA9PYiEzb52UiwLJ09ICkKLXEOPNg1LUpwD3k8_b47gvZZPjATyn5
O9RpaDvsSsq2RLPFmBlIrYQ-CxWCVwRIaTpccjWyUKsdc0M&__tn__=-UC-R и следи линк од медиум http://www.apla.mk/index.php/denes/item/3615-reli-trka-za-uchenici
-niz-stranicite-od-knigite-vo-avstriskata-biblioteka-vo-bitola?fbclid=IwAR1HLCQsZXGCD9lvTv9
WrjSiyeOIQEJh1uob5F-k6YmTiVaABTp5rY1i7lg